**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## ЈАВЕН ОГЛАС

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите кандидати дека следните термини за полагање на стручните испити за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност ќе се одржат во Компјутерскиот центар на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” на адреса “Бул. Гоце Делчев” 9б на следниве датуми: **27-11-2018 година; 19-12-2018 година; 26-12-2018 година; 04-01-2019 година, 08-01-2019 година и 15-01-2019** со почеток во 09.00 часот до 17.00 часот.

### СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

**Модул 1**
Регулатива за пазарот на капитал во РМ
Квантитативни методи и статистика
Економика
Анализа на финансиски извештаи

**Модул 2**
Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент)
Анализа и вреднување на акциите
**Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход/втор дел**

**Модул 3**
**Финансиски деривативи/втор дел**
Анализа на алтернативни инвестиции
Портфолио менаџмент
Етика, професионални стандарди и односи со клиенти

### СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Модул 1**
Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија

**Модул 2**
**Акции/втор дел**

**Модул 3**
**Обврзници/втор дел**

Рокот за пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот на полагање. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува со пополнување на пријавата која може да се најде на веб страната на Комисијата во делот - Обуки www.sec.gov.mk и доставување на истата во архивата на Комисијата или на следнава елетронска адреса ispiti@sec.gov.mk.

Кандидатот е должен половина час пред почетокот на испитот да биде присутен во  Компјутерскиот центар и да приложи на увид на овластените лица документи за лична идентификација.

Стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Ве известуваме дека прашањата за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се јавно објавени и истите Ви се достапни на следниот линк **http://www.prasanja.mk.**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Македонија**